# ЗА КРАТОВО
# ГАРАНТИРАМЕ

7

# СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!

**ПРОМЕНИ • ПРОЕКТИ • ПОБЕДИ**



Сте се прашале ли дали живеете подобро? Дали државата се движи во вистинска насока? Дали сте задоволни од ова што се случува? Дали сметате дека живееме во нормална држава и дека се слуша вашиот глас, дека власта ги одржала ветувањата, и дека оваа власт е најдоброто нешто што вие го заслужувате?

Ќе дозволите ли да продолжат на ист начин како досега, или ќе ги земете работите во свои раце и ќе започнете да создавате нова иднина со ваш сопствен печат, иднина каква што посакувате и каква што заслужувате?

Покажете дека мора поинаку, и дека не сте задоволни од ова што се случува. Почувствувајте ја шансата која е пред сите вас, шанса за промени, проекти и победи. Шанса да покажеме дека ќе успееме, дека знаеме, умееме и сакаме да ја направиме Македонија нормално, убаво место за живеење.

На овие избори треба да ѝ одговорите на власта дали целосно ќе ѝ ја препуштите државата или ќе преземете контрола над сопствената судбина и држава и ќе создадете нова иднина?

Покажете дека во вас постои надеж и пркос, дека сакате да создавате и дека не се плашите да верувате во себе и во иднината на вашите деца. Таа иднина зависи исклучиво од вас и од промените кои неминовно доаѓаат, а кои ќе ги донесете вие. Промени што ќе значат нова енергија, кои ќе го поддржуваат позитивното наспроти негативното, креативното и продуктивното

наспроти деструктивното, ќе поддржуваат квалитет наспроти партизација, работа наспроти неработа, почитување и исполнување на ветеното наспроти измамите на власта.

Насекаде гледаме хаос и загубена перспектива. Луѓето се разочарани. Власта тоа го користи и го злоупотребува. Тоа мора да престане. Поделбите да запрат. Народот треба да се обедини: десни, леви, Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Власи, Бошњаци, стари и млади, жени и мажи. Дојде време за промени и народот мора да почне да ја создава новата иднина. Да излеземе од кругот на апатијата. Затоа што колку повеќе овие се на власт, толку помалку останува од Македонија, толку помалку нè има во државата.

И таму, меѓу нив, има луѓе кои го гледаат тоа, има незадоволство. Ние сакаме сите да се обединиме и да порачаме дека нашата генерација ја сфати важноста на овој историски момент, ја гледа шансата за промени, проекти и победи, шансата да создава, шансата за нова иднина. Да покажеме дека Македонија е држава и дека тука живее и ќе живее среќен народ кој си ја сака сопствената земја.

Ние имаме знаење и програма со многу проекти, ние гарантираме дека ќе ги исполниме и вие знаете дека можете да му верувате на нашиот даден збор. Поучени сме од грешките во минатото, па со поправени и искоренети слабости, ние сме нови луѓе, квалификувани, чесни и свесни за околностите и за одговорноста што ја преземаме. Создадовме нова иднина кај нас, сакаме обединети со вас да создадеме нова иднина за сите нас. На овие избори влегуваме со чисто срце и ја бараме вашата доверба, ви ветуваме многу работа и конкретни резултати. Новата иднина започнува со промените, по кои следат проектите, новата иднина ќе ги донесе победите.

А тие сакаат да мислите дека сите сме исти! Тоа е дел од нивната пропаганда, за да останете разочарани и на тој начин да го бараат својот спас. Со малата излезност, со вашето негласање или со нивните тројански експерименти – тие добиваат најмногу.

Ако не ги опомените на овие избори, тие ќе мислат дека ги поддржувате. Ако им ја оставите апсолутната власт, нивната аздисаност ќе се зголеми – ќе биде уште полошо. Иднината со нив не е иднина каква што вие заслужувате. Иднината со нив е хаотична, несреќна и апатична.

Излезете и изборете се! Создадете нова иднина! Таму лежи шансата за промени, Нова иднина за секој од вас, за секој дом, семејство, улица и населено место, таа нова иднина е за сите нас. Новата иднина е убава иднина! Таа е иднина на договор помеѓу граѓаните и политичарите, иднина на нормална држава во која ќе има ред и работа. Нештата ќе се менуваат, ќе има проекти и конкретни резултати, подобар стандард и можности за секого. Во новата иднина граѓаните ќе ги контролираат институциите, за разлика од сегашноста во која институциите ги контролираат граѓаните.

Новата иднина ќе донесе подобри денови, раст и развој, во неа ќе има авангардна младина и спокојна старост. Во неа ќе се создава, ќе создавате вие за вас и за вашите семејства. Ќе создаваат и вашата општина и државата за вас, затоа што вие премногу ѝ дадовте на земјата, сега е момент земјата да ви дава вам.

Затоа создадете ја новата иднина! Тие се плашат од неа. Од новата иднина во која сè ќе биде подобро, посветло и посреќно и во која нивните грешки ќе можеме сложно да ги исправиме. За таа нова иднина вреди да се бориме. Таа е доброто, таа е сè што тие не се. Иднина за вас, за Македонија, нова иднина во која оптимизмот ја победува малодушноста, иднина на триумф на вашите вредности.

Новата иднина е нивниот најголем кошмар. Таа создава! Таа носи промени и проекти! Новата иднина победува! Затоа

**СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!**

**ПРОМЕНИ. ПРОЕКТИ. ПОБЕДИ**

# 1. ОБРАЌАЊЕ



Почитувани сограѓани,

Мојата кандидатура за градоначалник на Кратово доверена од ВМРО ДПМНЕ и Социјалистичката патија на Македонија ја доживувам како огромна чест но истовремено и голема одговорност и обврска, сериозна должност која ќе ја оправдам пред Вас граѓаните на Кратово. Јас сум роден и живеам во Кратово целиот мој живот, низ целиот овој период ги чуствувам реалните проблеми, ги знам приоритетите, ги делам со вас очекувањата, се радувам на успешните проекти и негодувам заради не исполенетите ветувања. Ветувам поинаков пристап кон суштинските проблеми на градот и Кратовските села, ветувам целодневна посветеност, ветувам секојдневна отвореност и пристапност за секој граѓанин на Кратово, ветувам отчетност, ветувам транспарентност, ветувам дека со сите сили заедно со Вас ќе го воздигнеме нашиот убав град и нашите селски средини. Мојата посветеност кон идната функција ќе ја надополнам со ангажман на вистински луѓе на вистински места. Јас како лице кое доаѓам од редовите на локалната самоуправа најдобро ги познавам проблемите, предизвиците и финансиските можности на општината.

Ви нудиме програма со остварливи проекти кои ќе го разубават нашето место и ќе го подобрат квалитетот на животот на граѓаните во рамките на финансиските можности на општината. Нудиме проекти со кои ќе се решаваат проблемите со комуналните ра-

боти, инфраструктурата, урбанизмот, животната средина и сообраќајот. Ќе направиме се да ги подобриме условите во образованието на нашите дечиња со обнова на градинките, училиштата, школскиот инвентар, модернизација и компјутеризација, како и доедукација на наставниот кадар. Ќе работиме на подобрување на животот во селските и руралните средини, а особено внимание ќе посветиме на локалниот економски развој, инвестициите и туризмот.

Со многу труд, секојдневен ангажман, заедно со мојот тим, со Ваша поддршка и помош, ќе го направиме Кратово убаво место за живеење, привлечно туристичко место, град на задоволни и исполнети граѓани.Со развојот на општината, со подобрување на условите на живеење ќе придонесеме нашите деца, браќа и сестри да останат да живеат во нашиот град и да го прекинеме егзодусот на Кратовската младост.

Драги кратовчани и кратовчанки, убеден сум дека во наредните Четири години со направените промени ќе ги исполниме сите Ваши очекувања, ќе ја оправдам Вашата доверба и заедно со вас ќе чекориме кон посветла иднина на нашиот град.

Со почит,

Тодорче Николовски,
кандидат за градоначалник на Општина Кратово

# 2. ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ НА ОПШТИНА КРАТОВО ЗА СИТЕ ЛУЃЕ

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦА „ЈОСИФ ДАСКАЛОВ”

Овој проект опфаќа реконструкција на фреквентната улица на потегот од мостот кај Кратис до Радин мост со вадење на целата коцка, прифаќање и одведување на атмосферските води, нивелирање на шахти,инсталација на хидранти, поставување на нов тамон и комплетно нова коцка.

**Извори на финансирање:** Буџет на општина и други извори на финансирање

**Рок на реализација:** 2022 година

## ИЗГРАДБА, РЕГУЛАЦИЈА И УРЕДУВАЊЕ НА РЕЧНО КОРИТО НА „МАНЦЕВА РЕКА” ВО ГРАДСКОТО ЈАДРО И ВЛЕВОТ ВО КРАТОВСКА РЕКА

Регулација, естетско уредување на речното корито и нова канализациска инсталација на Манцева и Табачка река до Автобуската станица. Со ова ќе ја довршиме првата фаза на започнатиот проект со кој се добива нова современа канализациска мрежа, уредени речни корита, чисти реки и зголемување на туристичката понуда на градот.

**Извори на финансирање:** Централна власт

**Рок на реализација:** 2022-2025 година

## ВОЗОБНОВУВАЊЕ НА КУЛТУРНО ЗАБАВНАТА МАНИФЕСТАЦИЈА КРАТОВСКИ „ЗЛАТНИ ДЕНОВИ“ КАКО И ДРУГИ БРОЈНИ КУЛТУРНО ЗАБАВНИ НАСТАНИ

СИНЕРГИЈА НА ЗАБАВА, КУЛТУРА, ЕУФОРИЈА И СРЕЌА ЗА СИТЕ.

**Извори на финансирање:** Буџет на општина, приватни донатори и други фондови

**Рок на реализација:** континуирано

## САНАЦИЈА И ЗАТВОРАЊЕ НА ДЕПОНИЈАТА ВО С.ЖЕЛЕЗНИЦА

Депонијата во атарот на село Железница која е нерегистрирана, необезбедена и неоградена, претставува опасност како за здравјето на луѓето и животните. Од тие причини е предвидено експропријација на земјиштето, затварање на депонијата и уредување на просороти транспорт на отпад до депонија во с.Мечкуевци.

**Извори на финансирање:** Буџет на општина и други извори на финансирање

**Рок на реализација:** 2022-2023 година

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА СЕКОЕ НОВОРОДЕНО ДЕТЕ ЗА ЖИТЕЛИТЕ НА ОПШТИНА КРАТОВО

Ова значи стимул за наталитет, зголемување на младата популација, а воедно и финансиска помош на семејството.

**Извори на финансирање:** Буџет на општина

**Рок на реализација:** континуирано

## ИЗГРАДБА НА АДРЕНАЛИНСКИ ПАРК НА „СТАРА МУСАЛА"

Со овој проект се планира авантуристички (адреналински) парк по примерот на развиените туристички дестинации и поставување на опрема и реквизити за забава на посетителите.

**Извори на финансирање:** Буџет на општина

**Рок:** 2023 година

## ИЗГРАДБА НА ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА

Реконструкција и пренамена на објектот „Диспанзер" во дом за стари лица, имајќи во предвид дека во нашата општина има голем број на пензионери, стари и изнемоштени лица па оттаму и потребата за ваков пензионерски објект.

**Извори на финансирање:** Централна власт

**Рок:** 2025 година

## УРЕДУВАЊЕ НА „КАРШИ БАВЧА"- КРАТОВО

Проектот опфаќа активности за поставување видиковец, уредување патеки за движење на граѓаните, поставување на клупи и со-

одветно осветлување.

**Извори на финансирање:** Централна власт

**Рок:** 2021-2022 година

## СТАВАЊЕ ВО ФУНКЦИЈА НА ТУРИСТИЧКО ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР

Основна цел на отворање на Туристичко информативно биро е насочување на активностите за промоција на Кратово како значајна туристичка и културна дестинација на мапата на Македонија, за домашни и странски посетители. Со ова ќе придонесеме за зголемување на бројот на туристи кои го посетуваат Кратово, соодветна промоција на градот и неговите туристички можности и издигнување на туризмот на пиедесталот - двигател на позитивни промени во општеството.

**Извори на финансирање:**Буџет на општина

**Рок на реализација:** 2022 година

## САНАЦИЈА НА МОСТОВИТЕ ВО ГРАД КРАТОВО, РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА ТУРСКИОТ ЗАТВОР И ТУРСКИОТ АМАМ И СТАВАЊЕ ВО ФУНКЦИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ

Потребна е итна интервенција за спречување на распаѓањето на историските споменици кои се обележје на градот и се привлечни за туристите.

**Извори на финансирање:** Буџет на општина

**Рок на реализација:** 2022-2025 година

## ИЗГРАДБА НА КОЛЕКТОРСКИ СИСТЕМ ЗА РЕЧНО КОРИТО НА РЕКА „КРАТОВСКА“

Со овој проект се предвидува да се изгради колекторски цевковод, продолжение на првата фаза од веќе изградените 1.500 метри. Со ова целосно ќе се надмине проблемот на куќите од ниската зона во градот кои се под нивото на постојниот канализационен систем. Овие куќи ќе бидат вклучени во новиот колекторски цевковод. Со завршувањето на овој колекторски систем ќе се опфатат отпадните води и од веќе постојните краци и целосно ќе се реши проблемот со испуштање на отпадни води во речното корито а со тоа и заштита на водите и животната средина.

**Извори на финансирање:** Централна власт

**Рок на реализација:** 2022-2025 година



# 3. ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА ЖИВОТ НА СИТЕ ЛУЃЕ

## ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА ЗА ПОДОБАР ЖИВОТЕН СТАНДАРД НА СИТЕ ГРАЃАНИ

Локалниот економски развој е организирана дејност на превземање на мерки и активности за економско зајакнување на локалните потенцијали за да се подобри квалитетот на живот на граѓаните. Успехот на заедниците и општинитезависи од способноста на локалните средини да се прилагодуваат на брзите промени, од способноста да ја зајакнат сопствената конкурентност и да остварат одржлив економски развој.

Во периодот што предстои Стратегијата за локален економски развој ќе се состои вопревземање на напори за зголемување на производните капацитети на веќе постојните индустриски објекти, подобрување на климата за инвестирање како и поттикнување на отварање на нови мали бизниси со што Општина Кратово ќе обезбеди стабилна локална економија, која ќе генерира нови работни места, подобрување на приходите на граѓаните и подигање на нивото на квалитетот на живеење.

### ➤ ФАБРИКА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ДУШЕЦИ

Имајќи во предвид дека на територијата на Општина Кратово работи единствената фабрика во Македонија за производство на сунѓер, отварањето на нова фабрика за производство на душеци е најголем придонес за економскиот развоји нови работни места.

**Извори на финансирање:** Приватен инвеститор

**Рок на реализација:** 2021-2022 година

### ➤ ОТВОРАЊЕ НА ДЕСТИЛЕРИЈА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА РАКИЈА

Отварањето на дестилерија е уште една можност за нови вработувања во нашиот град.

**Извори на финансирање:** Приватен инвеститор

**Рок на реализација:** 2022-2023 година

## ПРОЕКТ: БАРАЊЕ НА ИНВЕСТИТОРИ ЗА ОТВОРАЊЕ НА ПОГОНИ ВО ИНДУСТРИСКА ЗОНА С.ТУРАЛЕВО

Преземање на активности за привлекување и изнаоѓање на домашни и странски инвеститори кои ќе инвестираат во одредена дејнст во споменатата зона во која веќе постои инфраструктура од патен пристап, електрична енергија и гас.

**Извори на финансирање:**Домашни и странски инвеститори

**Рок на реализација:** 2022-2025 година

## ПРОЕКТ: НОВИ ИНВЕСТИТОРИ ЗА ОТВОРАЊЕ НОВИ МАЛИ И СРЕДНИ БИЗНИСИ

Преку преземање активности за привлекување и изнаоѓање инвеститори кои ќе придонесат за отворање на мали и средни бизниси ќе се обезбеди стабилен и одржлив економски раст и благосостојба за граѓаните на Општина Кратово. Проектот ќе опфаќа олеснување на условите за започнување и водење бизнис во смисла олеснети постапки за добивање одобренија и дозволи, поволности во насока на ослободување од плаќање комунални такси и сл.

**Извори на финансирање:** Буџет на општина и донатори

**Рок на реализација:** 2022-2023 година

## ЗОНА НА ЗАНАЕТЧИСКА ИНДУСТРИЈА

За поддршка на занаетчиската индустрија ќе се пристапи кон отворање на зона на занаетчиска индустрија. Посебен акцент ќе биде ставен на промоција на сувенирска работилница. Зоната ќе биде лоцирана во близина на централното градско подрачје со цел да биде поблиску на туристите и посетителите. На овој начин ќе се даде поддршка на малиот број останати занаетчии, а воедно ќе се создадат услови за промоција и заживување на оваа дејност.

**Извори на финансирање:** Буџет на општина

**Рок на реализација:** 2022-2025година

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЗГРАДАТА НА „КРИСТАЛОГРАВЕРНИЦА"

Целосна рекострукција на зградата на „Кристалограверница" со обебзедување на пристапен пат и паркинг простор со што еден дел ќе биде адаптиран за конференциски сали, еден дел од зградата за сместувачки капацитет и еден дел-простор за угостителски објект.

**Извори на финансирање:** Буџет на општината,Јавно приватно партнерство

**Рок на реализација:** 2021-2025 година

# 4. ДИГИТАЛИЗАЦИЈА– SMART CITY

Следењето на информатичките трендови е важен сегмет за развој на информатичкиот секторза што пак се неоходни континуирани инвестиции во набавка и осовременување на информатичката структура. Со цел транспарентно, навремено и ефикасно информирање на населението ќе пристапиме и кон зголемување на функционалноста на веб страната на локалната самоуправа на Општина Кратово.

## ➤ БЕСПЛАТНИ ИНТЕРНЕТ ЗОНИ (WI - FI) НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ И НАЈФРЕКФЕНТНИТЕ МЕСТА ВО ГРАДОТ

Ќе се обезбеди бесплатен Wi-Fi интернет пристап за користење од страна на сите граѓани и посетители во општината.

**Извори на финансирање:** Буџет на општина

**Рок на реализација:** 2022 година

## ➤ ОСНОВНИ ИКТ КУРСЕВИ И ОБУКИ ЗА ГРАЃАНИ

Проектот обезбедува надградба на знаењата од областа на информатиката за граѓаните на Општина Кратово, нивно полесно вклучување во општествените процеси и олеснување на пристапот при комуникација. Исто така, преку овој проект ќе се овозможи постигнување повисок степен на информатичка подготвеност на населението и нивна поголема мобилност во извршување на работните задачи и секојдневни активности.

**Извори на финансирање:** Буџет на општина

**Рок на реализиција:**Секоја година и по потреба

## ➤ ПРОМОЦИЈА ПРЕКУ GOOGLE MAPS

Google Maps Street View ќе служи да се претставаат најубавите делови од градот со што ќе се овозможи поголема посетеност на интернет услугата од цел свет, што воедно ќе послужи и како туристичка презентација.

**Извори на финансирање:** Буџет на општина

**Рок на реализација:** 2022 година



# 5. МОБИЛНОСТ И ИНФРАСТУКТУРА

Квалитетните инфраструктурни, водоснабдителни и канализациони системски решенија, обезбедуваат континуиран развој на општината во секој нејзин дел, вклучувајќи ги како градските така и руралните средини, а со унапредувањето на квалитетот на комуналните дејности во општината се придонесува за подигање на квалитетот на животот на сите граѓани на општината. Состојбата на комуналната инфраструктура најасно ја претставува комплетната слика за развиеноста и модернизацијата на една општина. Преку изградба и реконструкција на локалната патна инфраструктура, водоводните и канализационите системи директно придонесуваме за почиста и поздрава средина.

## 5.1. АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦИ И ПРОБИВАЊЕ НА ПАТИШТА

### РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦА „ПЛАНИНСКА“ И РЕШЕВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ СО ВОДОСНАБДУВАЊЕТО ВО ГОРНИТЕ МААЛА (КАРВАЧКА МААЛА)

Врз основа на проект за реконструкција на улица „Планинска“ се планира преredување на делот со коцката и нов слој на асфалт во должина од 880 метри. Исто така ќе се решава и проблемот со континуирано обезбедување на вода на куќите во повисоките зони.

**Извори на финансирање:** Буџет на општина

**Рок на релизација:** 2023 година

### АСВАЛТИРАЊЕ ДЕЛ ОД УЛИЦАТА „ЃОРЃИ КАКАШЕВСКИ”НА ПОТЕГОТ ВИКАН „МЛАЧКИ ПАТ”

Поставените плочи и калдрма на оваа улица на потегот ,, Млачки пут ‘’ се во многу лоша состојба па затоа тој потег ке биде реконструиран и заменет со нов асфалтен слој.

**Извори на финансирање:** Буџет на општина и Централна власт

**Рок:** 2023 година

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦА „ТОШО КУКОВСКИ“ И ФОРМИРАЊЕ НА МАЛ ПЛОШТАД ПРЕД ГИЧЕВА ЧЕШМА

Реконструкција на ул.„Тошо Куковски“ во должина од 340 метри со коцка (калдрма), обложување со камени плочи втопени во бетонска подлога како и поставување на метална ограда со ракохват. На дел од улицата каде се проширува ќе се направи мал плоштад уреден со жардињери и клупи за седење.

**Извори на финансирање:** Буџет на општина и Централна власт

**Рок на реализација:** 2023- 2025година

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПЕШАЧКА УЛИЦА „ КОШАРИ ” ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА ЗОРЛЕ МААЛО СО ЦАРИНА МААЛА

Проектот опфаќа целосна реконструкција со тампонирање, поставување рабници и поставување бекатон плочки во должина од 434 метри. Целта е поврзување на двете соседни маали.

**Извори на финансирање:** Буџет на општина

**Рок на реализација:** 2024 година

## ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛНИ УЛИЦИ И СОКАЦИ СО КАЛДРМА

Предвидена е реконструкција, поправка и доизградба на локални сокаци и улици низ Кратово со поставување калдрма или плочи врз бетонска подлога.

**Извори на финансирање:** Буџет на општина

**Рок на реализација:** 2022-2025 година

## ИЗГРАДБА НА ПАТ ОД БЛИЗАНЦИ (ПЕЧЕНИЦИ) ДО ТЕХНИЧКИ СЕРВИС КРАТОВО НАЈМНОГУ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ТОВАРНИ И ТЕРЕНСКИ ВОЗИЛА

Пуштањето во употреба на ваков алтернативен пат, претежно на товарни возила кои вршат транспорт на дрва и друг материјал значи растеретување на собраќајот и намалување на можноста за блокирање на сообраќајот на улицата„ Јосиф Даскалов“ и Радин мост кои претставуваат тесно грло.

**Извори на финансирање:** Буџет на општина

**Рок на реализација:** 2022 година

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАТОТ ЗА ПЛАНИНСКИТЕ СЕЛА

Мапирање и санирање на поголемите ударни дупки на релација од с.Близанци до с.Каврак со што значително ќе се подобри патната врска помеѓу значајните планински села и градот Кратово.

**Извори на финансирање:** Буџет на општина и Централна власт

**Рок на реализација:** 2022 година

## ТАМПОНИРАЊЕ НА ПАТОТ ЗА ГОРНО КРАТОВО

За овој патен правец е потребно тампонирање и набивање на веќе пробиениот пат.

**Извори на финансирање:** Буџет на општина

**Рок на реализација:** 2022-2023 година

## ПРОБИВАЊЕ НА ПАТ ОД С.ТАТОМИР ДО С.КОКОШИЊЕ (СВ.НИКОЛЕ)

Овој проект значи поврзување на Општина Кратово со Општина Свети Николе.

**Извори на финансирање:** Буџет на општина и Централна власт

**Рок на реализација:** 2023 година

## ТАМПОНИРАЊЕ НА ПАТ ОД С. ПРИКОВЦИ ДО СЕЛИМИЦА ТУРАЛЕВО

Со прочистување и тампонирање на овој пат ке се овозможи многу лесна комуникација на жителата од селата Приковци и Шлегово со долните села.

**Извори на финансирање:** Буџет на општина

**Рок на реализација:** 2024 година

## ИЗГРАДБА НА СЕЛСКИ УЛИЦИ ВО С.САКУЛИЦА, ПОТЕГ ДО РАДЕВСКА МААЛА И ПОВРЗУВАЊЕ СО МААЛИ БАКАРДАНЦИ, ВУКАНОВЦИ И СТУБЉАНЦИ

Поврзувањето на маалите во село Сакулица ќе им го олесни функционирањето и извршување на обврските на тамошните жители.

**Извори на финансирање:** Буџет на општина

**Рок на реализација:** 2023-2025 година

## ИЗГРАДБА НА ПАТ ОД С.БЛИЗАНЦИ ДО С.ДОБРЕВО

Со изградба на овој пат ќе се овозможи полесна комуникација со Лесновскиот Манастир и Општина Пробиштип

**Извори на финансирање:** Буџет на општина и Централна власт

**Рок на реализација:** 2025 година

## ПРОБИВАЊЕ НА ПАТ ВО С. СТРАЦИН ОД С. БОНКЕВЦИ ДО БАЈРАКТАРЦИ

Пробивање и тампонирање на пат до повисоките маала во с. Страцин

**Извори на финансирање:** Буџет на општина

**Рок на реализација:** 2023 година

## ИЗГРАДБА НА ПАТ МУШКОВО-СТАРО МУШКОВО И ПРОБИВАЊЕ ПРЕМА КОЈКОВО ДО ЛИМЕНА ВОДЕНИЦА

Овој проект ќе опфаќа асфалтирање на дел/потег од патот од Мушково према Старо Мушково кој е стрмен и пробивање и тампонирање на останатиот дел.

**Извори на финансирање:** Буџет на општина

**Рок на реализација:** 2023 година

## ПРОБИВАЊЕ И ТАМПОНИРАЊЕ НА ПАТ ОД С. СТРАЦИН ДО МААЛО ГРАМАДАРЦИ ВО С. КУКЛИЦА

Планирано е пробивање и тампонирање на локален пат од рагионалниот пат во с Страцин до средното маало Грамадарци, Куклица во должина од 3 км.

**Извори на финансирање:** Буџет на општина

**Рок на реализација:** 2023 година

## САНАЦИЈА НА „ВОЕН МОСТ” НА КРИВА РЕКА ВО МААЛО БУЧКИНЦИ ТРНОВАЦ

Санација на носечката бетонска конструкција , реконструкција на коловозната лента и поставување на заштитна ограда .

**Извори на финансирање:** Буџет на општина

**Рок на реализација:** 2023-2025 година

### РЕКОНСТРУКЦИЈА НА МОСТ ,, РАКЛЕ " КОЊУХ

Санација на носечката бетонска конструкција, реконструкција на коловозната лента и поставување на заштитна ограда .

**Извори на финансирање:** Буџет на општина

**Рок на реализација:** 2022 година

## 5.2. УРБАНА ИНФРАСТРУКТУРА

### УРБАНО УРЕДУВАЊЕ НА КЕЈОТ НА „КРАТОВСКА РЕКА" ОСВЕТЛУВАЊЕ, ЗАШТИТНА ОГРАДА, ДВА ПЕШАЧКИ МОСТОВИ И ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА

Со уредувањето на Кејот на Кратовска река ќе се постигне еден позитивен ефект односно разубавување на урбаното градско подрачје и добивање на простор за рекреација за сите возрасти.

**Извори на финансирање:** СИПР

**Рок на реализација:** 2022 година

### УРБАНО УРЕДУВАЊЕ И ОБЛИКУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД УЛИЦА „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" НА ПОТЕГОТ ПОМЕЃУ ЧАРШИСКИ И ГРОФЧАНСКИ МОСТ

Со поставување на нов под на пешачка патека, модерно обликување со клупи, високи жардињери и леи со цветни аранжмани ова централна градска улица ќе го добие посакуваниот лик.

**Извори на финансирање:** Буџет на општина

**Рок на реализација:** 2023 година

### ИЗГРАДБА НА ВИДИКОВЕЦ И ПРОСТОР ЗА ДРУЖЕЊЕ НА УЛ „МИХАЈЛО АПОСТОЛСКИ" ПОД ОБЈЕКТИТЕ НА ОСНОВНОТО И СРЕДНОТО УЧИЛИШТЕ

Општина Кратово ќе направи атрактивен видиковец на патот кој води до двете училишта со прекрасен поглед кон градот за закуска, ужина и дружба на учениците.

**Извори на финансирање:** Буџет на општина

**Рок на реализација:** 2023 година

## УРЕДУВАЊЕ НА ПЛАТОТО ПРЕД ДОМОТ НА КУЛТУРА „ЛАЗАР СОФИЈАНОВ“

Преку подобрување на условите на Домот на култура „Лазар Софијанов“ во Општина Кратово ќе создадеме услови за зголемување на културната понуда за сите генерации во нашиот град со што ќе придонесеме за заживување на уметноста и културата, а ќе се овозможи и поквалитетно културно ангажирање на културните секции и меѓународната активност на ова поле.

**Извори на финансирање:** Буџет на општина

**Рок на реализација:** 2023 година

## ИЗГРАДБА НА ВЕЛОСИПЕДСКА И ПЕШАЧКА ПАТЕКА ОД НАСЕЛБА „ВРШНИК” ДО „СЛАНУШКА”

Изградба на велосипедска и пешачка патека во должина од 1,5 км, одбележување, поставување на патокази и инфо табли за спорт и рекреација наменети за сите граѓани, а ќе се овозможи и промоција на оваа туристичка област во с.Шлегово.

**Извори на финансирање:** Буџет на општина и други извори на финансирање

**Рок на реализација:** 2024 година

## УРЕДУВАЊЕ НА „ЃОКОВО ДОЛЧЕ“ РАСЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАД И ПОСТАВУВАЊЕ НА ЗАШТИТНА ОГРАДА

Со уредување на овој дел во населбата целосно ќе се расчисти насобраниот отпад, со што ќе биде поставена заштитна ограда на пропустот на патот и под патот, а со тоа ќе се обезбеди и поголема безбедност на учесниците во сообраќајот.

**Извори на финансирање:** Буџет на општина

**Рок на реализација:** 2022 година

## ПЛАНИНАРСКИ ДОМ ВО С.КАВРАК ИЛИ ВО ГОРНО КРАТОВО

Со пренамена на постоечкиот објект во Планинарски дом во с.Каврак и со реконструкција и пренамена на старата училишна зграда во с.Горно Кратово во Планинарски дом ќе се зголеми бројот на домашни туристи и ќе се предизвика зголемување на бројот на посети на странски туристи, а со тоа и продолжување на периодот за престој и зголемување на сместувачки капацитети. Проектот е наменет за планинари и други спортисти, домашни и странски туристи, односно ќе се прошири туристичкиот потенцијал и ќе се создадат услови за развој на авантуристички туризам на овој дел од Осоговските планини.

**Извори на финансирање:** Буџет на општина и други извори на финансирање

**Рок на реализација:** 2024-2025 година



# 6. КОМУНАЛЕН РАЗВОЈ

## ИЗГРАДБА НА РЕЗЕРВОАР ЗА ВИСОКА ЗОНА

Покрај постојните резервоари за средна и за ниска зона ќе се изгради и резервоар за висока зона. Со овој резервоар ќе се обезбедат услови доколку во одредени периоди има недостаток на вода за пиење истиот да биде отстранет со навремено задоволување на потребите на населението за вода за пиење.

**Извори на финансирање:** Буџет на општината и Централна власт

**Рок на реализација:** 2022 година

## СЕКУНДАРНО ПОВРЗУВАЊЕ НА ВОДОВОДНА МРЕЖА ВО ГРАД КРАТОВО

Проектот ке се реализира доколку се обебеди финансиска помош од Центраната власт.

**Извори на финансирање:** Централна власт

**Рок на реализација:** 2024-2025 година

## ИЗГРАДБА НА МАЛА ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА, ТАЛОЖНИК ВО С.ПРИКОВЦИ, (ЦРНИ ВРВ)

Со изградбата на пречистителна станица ке се подобри квалитетот на водата за пиење во неколку села (Туралево, Филиповци, Тополовиќ, Сакулица, Вакав и Шопско Рударе) што е од големо значење за месното население, животната средина и заштитата на нивното здравје.

**Извори на финансирање:** Буџет на општина, Меѓународни финансиски институции

**Рок на реализација:** 2023-2025 година

## РЕКОНСТРУКЦИЈА И САНАЦИЈА НА РЕЗЕРВОАР ЗА ВОДА ВО С.СТРАЦИН

Поради тековните проблеми со кои се соочува овој резервоар, пукнатини, понирање на атмосферска вода ќе пристапиме кон реконструкција и санирање на проблемите.

**Извори на финансирање:** Буџет на општина

**Рок на реализација:** 2023 година



### ДОВРШУВАЊЕ НА КАНАЛИЗАЦИСКАТА МРЕЖА ВО С.ТУРАЛЕВО И САНАЦИЈА НА КАНАЛИЗАЦИСКАТА МРЕЖА ВО С.ТРНОВАЦ

Со доизградба, интервенција и санација на канализациските мрежи во наведените села, ке се спречи затнувањето и излевањето на фекалиите на споменатите места, со што ќе се спречи непријатната миризба и ќе се заштити животната средина.

**Извори на финансирање:** Буџет на општина

**Рок на реализација:** 2022 година

### ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОВОД ВО С.ТОПОЛОВИЌ

Проект за употреба и одржување на довод на вода, кој опфаќа реконструкција на дел од доводот за водоснабдување на Туралево и Тополовиќ во должина од 800 метри.

**Извори на финансирање:** Централна власт (Средствата се обезбедени и пренаменети од Карго аеродромот)

**Рок на реализација:** 2022 година

# 7. МОДЕРНО И СОВРЕМЕНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА МЛАДИ

Квалитетните наставни програми и подобрите условите за учење и работење значат квалитетно образование, а пак образованието согласно потребите на стопанството и локалната економија пак се гаранција за зголемување на конкурентноста и продуцирањето на готови кадри према побарувачката и пазарот на трудот.

Проектите кои ќе ги реализираме ќе придонесат за обнова на градинките, училиштата и школските инвентари, модернизација и компјутеризација, како и доедукација на наставниот кадар.

## ВОВЕДУВАЊЕ НА ЕФИКАСНИ СИСТЕМИ НА ГРЕЕЊЕ ВО ООУ„КОЧО РАЦИН" И СОУ„МИТКО ПЕНЏУКЛИСКИ" И СПОРТСКАТА САЛА СО СИСТЕМ НА ПЕЛЕТИ ИЛИ СО ГАС

Основна цел заштеда на средства, а воедно и заштита на животната средина како и подобрување на условите за учење и изведување на активностите по физичко образование.

**Извори на финансирање:** Централна власт и Буџет на општина

**Рок на реализација:** 2022-2023 година

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ООУ „КОЧО РАЦИН", НАДГРАДБА И ДОГРАДБА НА УЧИЛИШНАТА ЗГРАДА

Поради обезбедување на просторни услови за одвивање на квалитетна настава во основните училишта.

**Извори на финансирање:** Централна власт и Буџет на општина

**Рок на реализација:** 2022-2025 година

## ПОСТАВУВАЊЕ НА СОЛАРНИ СИСТЕМИ НА ОБЈЕКИТЕ НА ООУ „КОЧО РАЦИН"КРАТОВО УЧИЛИШНАТА ЗГРАДА ИЛИ ФИСКУЛТУРНАТА САЛА

**Извори на финансирање:** Буџет на општина и донатори

**Рок на реализација:**: 2022-2025 година

## ПОСТАВУВАЊЕ НА ТЕРМОИЗОЛАЦИОНА (ДЕМИТ) ФАСАДА НА ОБЈЕКТИТЕ ВО ООУ„КОЧО РАЦИН" И СОУ „ МИТКО ПЕНЏУКЛИСКИ"

Овој проект е со цел заштеда на средства и подобрување на условите за учење.

**Извори на финансирање:** Буџет на општина и донатори

**Рок на реализација:** 2022-2025 година

## ПРОМЕНА НА ПРОЗОРЦИТЕ НА УЧИЛИШНАТА ЗГРАДА НА ООУ „КОЧО РАЦИН"КРАТОВО ЗАРАДИ ПРОТЕКУВАЊЕ НА ПОСТОЕЧКИТЕ ПРОЗОРИ

**Извори на финансирање:** Буџет на општина и донатори

**Рок на реализација:** 2022-2023 година

## РЕНОВИРАЊЕ АДАПТИРАЊЕ И ОПРЕМУВАЊЕ НА СЕНЗОРНА СОБА И НАБАВКА НА ДИДАКТИЧКИ МАТЕРИЈАЛИ НАМЕНЕТИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО ООУ„КОЧО РАЦИН”, КРАТОВО

**Извори на финансирање:** Буџет на општина и донатори

**Рок на реализација:** 2022 година

## СТИПЕНДИИ ЗА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ КОИ СЕ ТАЛЕНТИРАНИ ИЛИ ПОТЕКНУВААТ ОД СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИТЕ СЕМЕЈСТВА

Општина Кратово за прв пат ќе доделува стипендии од ваков тип (социјално загрозени семејства и други ранливи групи) наградувајќи ја посветената работа на учениците и нивниот талент.

**Извори на финансирање:** Буџет на општина

**Рок на реализација:** Секоја година

## НОВИ ПРОЗОРЦИ ВО ДЕТСКАТА ГРАДИНКА „ЦАРКА АНДРЕЕВА” КРАТОВО

**Извори на финансирање:** Буџет на општина и донатори

**Рок на реализација:** 2022-2023 година

## ПРОЕКТ: РЕНОВИРАЊЕ АДАПТИРАЊЕ НА КУЈНА НА ДЕТСКА ГРАДИНКА „ЦАРКА АНДРЕЕВА” КРАТОВО

**Извори на финансирање:** Буџет на општина и донатори

**Рок на реализација:** 2022 година



# 8. ЕВРОПА ВО МОЈАТА ОПШТИНА

Со цел поголема афирмација на општината преку промоција на нашите позитивни вредности во меѓународни рамки, но исто така и пристапот на размена на искуства преку продолжување и проширување на соработката со општини од соседните европски земји,можеме да ја приближиме општина Кратово до европскиот животен стандард, а со тоа и да го подобриме Локалниот економски развој.

## ВОСПОСТВУВАЊЕ НА ЕВРОПСКИ ПРАКТИКИ И ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА ЕВРОПСКИ ВРЕДНОСТИ

### ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ СО ЦЕЛ АПЛИЦИРАЊЕ ЗА ЕУ ПРОЕКТИ И ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА СОРАБОТКА СО ЕУ ПРЕКУ ВОСПОСТВАУВАЊЕ НА ЕУ ЛОКАЛНИ ИНФОРМАТИВНИ ЦЕНТРИ).

**Извор на финансирање:** Буџет на општината / Меѓународни финансиски институции.

**Рок на реализација:** 2022 година.

### ВОСПОСТАВУВАЊЕ И ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА СОРАБОТКАТА СО ОПШТИНИ ОД ЕУ

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / Меѓународни финансиски институции.

**Рок на реализација:** 2022 година.



# 9. ЗАШТИТА ОД КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

Начелата врз кои општината работи во делот на урбанизмот и животната средина се пропишани и дефинирани во законските одредби. Нивното спроведување ги обврзува граѓаните и бизнис секторот да ги почитуваат законите, општината да ги спроведува и да се грижи за редот во општествената заедница и заштита на животната средина .

## ПОШУМУВАЊЕ И ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ПОВЕЌЕ ЕКО- АКЦИИ

Општина Кратово ќе започне со активности за засадување на зимзелени и листопадни дрвја, се со цел да се зголеми бројот на садниците онаму каде што има потреба од нови дрвја. За чиста и здрава животна средина во текот на годините на повеќе локации заедно во организација на здруженија на граѓани, ученици ќе се организираат еко акции.

**Извори на финансирање:** Буџет на општина

**Рок на реализација:** 2022 година

## САНАЦИЈА И ЗАТВОРАЊЕ НА ДЕПОНИИ

**Извори на финансирање:** Буџет на општина

**Рок на реализација:** 2022 година

## ИНТЕГРИРАНОТО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ВО СЕВЕРОИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН И СТАВАЊЕ ВО ФУНКЦИЈА НА ПРЕТОВАРНИТЕ СТАНИЦИ И РЕГИОНАЛАНАТА ДЕПОНИЈА

**Извори на финансирање:** ИПА фондови

**Рок на реализација:** 2023-2025 година

## ПОСТАВУВАЊЕ НА КОНТЕЈНЕРИ ЗА СТАРИ АЛИШТА И СИТЕН ЕЛЕКТРОНСКИ ОТПАД

**Извори на финансирање:** Буџет на општина

**Рок на реализација:** 2022-2025 година



## НАПОРИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ / АНГАЖИРАЊЕ И КОМПЛЕТНА ОДГОВОРНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА ЛОКАЛЕН ИНСПЕКТОР ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА.

# 10. МОДЕРЕН И АТРАКТИВЕН ЛОКАЛЕН ТУРИЗАМ

Општина Кратово како дестинација која изобилува со бројни природни, културно - историски и религиски споменици ќе биде посветена се повеќе да ги искористува своите конкурентски предности и максимално ќе се залага, да ги развие и промовир најразличните видови на туризам, особено планинскиот, спортски, рекреативен, здравствен, културен, руралниот и други алтернативни форми на туризам. Со тоа ќе се задоволат очекувањата и вкусовите на туристите, а нашата општина ќе настојуваме да ја направиме погодна и препознатлива дестинација на туристичката мапа на Македонија.

## СТАВАЊЕ ВО ФУНКЦИЈА НА ТУРИСТИЧКО ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР

Овозможување на полесен пристап до информации за сите богатства и природни убавини кои ги има Кратово и нејзината околина.

**Извори на финансирање:** Буџет на општина

**Рок:** 2022 година

## ИНТЕГРАЛНО И КВАЛИТЕТНО МЕНАЏИРАЊЕ НА ТУРИСТИТЕ

**Извори на финансирање:** Буџет на општина

**Рок на реализација:** 2022-2025 година

## ПОДОБРУВАЊЕ НА ДОСТАПНОСТА И ПРИСТАПОТ НА ТУРИСТИЧКИТЕ ЛОКАЛИТЕТИ

**Извори на финансирање:** Буџет на општина

**Рок на реализација:** 2022 година



# 11. СПОРТ И КУЛТУРА

Досегашната пракса на инвестирање и создавање на услови за спортување на сите генерации постојано се докажува како највредна инвестиција корисна за сите генерации. Младите се движечката сила во општеството. Спортот и физичката култура како цивилизациски придобивки претставуваат моќно средство за човечкиот развој. Физичкото образование и практикувањето на спорт во развојниот период на човекот се природна потреба за негов нормален психофизички развој и спречувањето на појава на телесни деформитети. Затоа ќе се залагаме за изградба, реконструкција, опремување на спортските сали, фудбалските и тениски игралишта, организирање и субвенционирање на голем број спортски настани, поддршка на спортски таленти и др.

## ПОСТАВУВАЊЕ НА РЕФЛЕКТОРИ НА СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ „ МУСАЛА “

**Извори на финансирање:** Буџет на општина

**Рок на реализација:** 2022 година

## ИЗГРАДБА НА ЕДНО КОШАРКАРСКО СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ КОЕ ЌЕ БИДЕ СТАВЕНО НА РАСПОЛАГАЊЕ

Игралиштето ќе може да се користи денонокно и ќе биде место за собирање и дружење на младите генерации, како и основа за создавање на здрава младина и одлична превентива од пороците на модерното живеење

**Извори на финансирање:** Централна власт

**Рок на реализација:** 2022-2025 година

## ОТВОРАЊЕ МЛАДИНСКИ КУЛТУРНО-РЕКРЕАТИВЕН ЦЕНТАР (ЛОКАЛЕН СОВЕТ НА МЛАДИ)

**Извори на финансирање:** Буџет на општина

**Рок на реализација:** 2022 година

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СПОРТСКИ ИГРАЛИШТА ВО ШЛЕГОВО И ТУРАЛЕВО СО ПОСТАВАЊЕ НОВА АСФАЛТНА ПОДЛОГА И ПОСТАВУВАЊЕ СООДВЕТНИ МОДЕРНИ СПОРТСКИ РЕКВИЗИТИ

**Извори на финансирање:** Буџет на општина и донатори

**Рок на реализација:** 2022 година

## ИЗГРАДБА НА ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА И ОПРЕМУВАЊЕ СО ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ

**Извори на финансирање:** Буџет на општина и донатори

**Рок на реализација:** 2022-2025 година

## УЧИЛИШНИ ЛИГИ ВО ФУДБАЛ, ФУТСАЛ, КОШАРКА, РАКОМЕТ, ШАХ, ТЕНИС, КАРАТЕ И ДРУГИ СПОРТОВИ ВО СОРАБОТКА СО ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА УЧИЛИШТЕН СПОРТ

Во соработка со федерацијата за училиштен спорт и единиците на локалната самоуправа, низ координиран систематски пристап, ќе се унапреди развојот на училишниот спорт преку одигрување општински, зонски и регионални натпревари помеѓу училишните екипи во повеќе спортови.

**Извори на финансирање:** Буџет на општина

**Рок на реализација:** Секоја година

Културата е неодвоив сегмент при изградбата на европскиот модел на соработка на земјите и сила која спојува, бидејќи со насочување на културата против дискриминацијата и заштитата на националните културни вредности се допира до глобалните вредности на Европа. Културата сама не може да ги реши проблемите, но може да биде одличен начин на комуникација, особено во разбирањето, толеранцијата и почитувањето на различните верски и етнички разлики на граѓаните.

Општината ќе настојува да биде препознатлива пошироко како позната културна дестинација, во која ќе може да се види и доживее духот на македонското вековно културно и идентитетско опстојување.

Општина Кратово со нејзината територија изобилува со бројни културно- историски и религиски споменици кои треба да бидат заштитени и ставени во функција на развојот на културниот туризам. Ваквите вредности на Кратово ни даваат насока и обврска за

културен учинок во секоја активност која ја цениме како промотор на градот .

## ВОЗОБНОВУВАЊЕ НА КУЛТУРНО ЗАБАВНА МАНИФЕСТАЦИЈА „ЗЛАТНИ ДЕНОВИ"

**Извор на финансирање**: Буџет на општина, приватни донатори

**Рок на реализација:** Секоја година

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДОМОТ НА КУЛТУРА "ЛАЗАР СОФИЈАНОВ"

Преку подобрување на условите на Домот на култура „Лазар Софијанов" во Општина Кратово ќе создадеме услови за зголемување на културната понуда за сите генерации во нашиот град со што ќе придонесеме за заживување на уметноста и културата, а ќе се овозможи и поквалитетно културно ангажирање на културните секции и меѓународна активност на ова поле.

**Извори на финансирање:**Централна власт и Буџет на општина

**Рок на реализација:** 2022-2025 година

## ОБНОВА И КОНЗЕРВАЦИЈА НА ПОВЕЌЕ ФАСАДИ НА ОБЈЕКТИ КОИ СЕ ПРОГЛАСЕНИ КАКО ЗАШТИТЕНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ВО КРАТОВО

Со обновата и конзервација на повеќе фасади на објекти кои се прогласени како заштититено културно наследство во Кратово, ќе се зачува автентичноста на старата градска архитектура. Носител на овој проект е НУ Национален конзерваторски центар- Скопје.

**Извори на финансирање:** Централна власт

**Рок на реализација:** 2022-2025година

## ЛЕСНОВСКИТЕ ЅВОНА- ЛИТЕРАТУРНА МАНИФЕСТАЦИЈА

Манифестацијате е со многубројни поетски читања и беседи во чест на поети во која ќе бидат вклучени учениците од основното и средното училиште од општината.

**Извори на финансирање:** Буџет на општина

**Рок на реализација:** континуирано

## МЕЃУНАРОДНА ДЕТСКА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА ,, ЛАЗАР СОФИЈАНОВ"

**Извор на финансирање**: Буџет на општина Кратово

**Рок на реализација:** континуирано



## МЕЃУНАРОДЕН ФЕСТИВАЛ НА ЕТНОЛОШКИ ДОКУМЕНТАРНИ ФИЛМОВИ

**Извор на финансирање**: Минстерство за култура

**Рок на реализација:** континуирано

## ЕВРОПСКИ ТАМБУРАШКИ ФЕСТИВАЛ

**Извор на финансирање**: Министерство за култура, Општина Кратово

**Рок на реализација:** континуирано

## КОМПИРИЈАДА

**Извор на финансирање**: Министерство за земјоделство, Општина Кратово

**Рок на реализација:** континуирано

## ФИЛМСКИ ПРОЕКЦИИ И ТЕАТАР ВО МУЛТИМЕДИЈАЛЕН ЦЕНТАР КИНО САЛА

**Извор на финансирање**: Буџет на Општина Кратово

**Рок:** континуирано

# 12. СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА СИТЕ ЛУЃЕ

Во соработка со невладини организации и други донатори ќе се обидеме да ги следиме светските трендови за инклузија и кохезија на сите слоеви и социјално ранливи и маргинализирани категории.

## ИЗГРАДБА НА ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА

Реконстукција и пренамена на објектот диспанзер во Дом за стари лица, имајки во предвид дека во нашата општина има голем број на пензионери, стари и изнемоштени лица па оттаму и потребата за вакво пензионерско катче и занимална.

**Извори на финансирање:** Централна власт

**Рок на реализација:** 2025 година

## ИНКЛУЗИВНО ИГРАЛИШТЕВО ДВОРОТ НА ДНЕВНИОТ ЦЕНАР ЗА ПОПРЕЧЕНОСТ

**Извори на финансирање:** Буџет на општина и донатори

**Рок на реализација:**2022-2023 година

## ОТВОРАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИ СЕРВИСИ ЗА СТАРИ И ИЗНЕМОШТЕНИ ЛИЦА

Проектот ќе се реализира преку ангажирање волонтери од страна на општината кои ќе бидат обучени и чија задача ќе биде поддршка на стари и изнемоштени лица во Општина Кратово.

**Извори на финансирање:** Буџет на општина и други извори на финансирање

**Рок на реализација:** 2021 година

## ПРИСТАПНИ РАМПИ ЗА ИНВАЛИДНИ ЛИЦА

Инвалидните лица имаат основно загарантирано право на физички пристап до јавните институциите на локално ниво, детските градинки, училиштата, здравствените установи и другите институции кои им се неопходни за елиминирање на социјалните бариери и целосен независен и интегриран живот во заедницата.

**Извори на финансирање:** Буџет на општината и други извори на финансирање

**Рок на реализација:** 2022-2025 година

# 13. ИДЕИ ОД ГРАЃАНИ

- ОТВОРАЊЕ НА ПОДЗЕМНИТЕ ТУНЕЛИ ОДНОСНО ОТПОЧНУВАЊЕ СО ИСТРАЖУВЊЕ, ПРОБИВАЊЕ, ЗАШТИТА, КОНЗЕРВАЦИЈА, РЕСТАВРАЦИЈА, ПРЕЗЕНТАЦИЈА И СТАВАЊЕ ВО ФУНКЦИЈА НА ТУНЕЛИТЕ И ПОДЗЕМНИТЕ ХОДНИЦИ СО КОИ СЕ ПОВРЗАНИ КУЛИТЕ И ДРУГИ ЛОКАЦИИ.
- ПРОМЕНА НА ОГРАДАТА И ОСВЕТЛУВАЊЕТО НА РАДИН МОСТ
- ИЗГРАДБА НА ЗГРАДА ЗА СОЦИЈАЛНИ СТАНОВИ ЗА РАНЛИВИ КАТЕГОРИИ НА ГРАЃАНИ НА УЛИЦА „ЃОРЃИ КАКАШЕВСКИ"(НА ЛОКАЦИЈАТА КАЈ АНТЕНАТА НА РАДИО КРАТОВО)
- ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПРЕВОЗ ДО НЕКОЛКУ СЕЛА
- ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОВЕЌЕ ПАРКИНГ МЕСТА
- ИНИЦИЈАТИВА:РЕНОВИРАЊЕ И СТАВАЊЕ ВО ФУНКЦИЈА НА ГРАДСКИОТ БАЗЕН

*vmro-dpmne.org.mk*

*sozdadinovaidnina.mk*